Локален Совет за Волонтерство на Општина Битола
sovetzavolonterstvobt@gmail.com
www.facebook.com/sovetzavolonterstvobitola

Бр.41-113/03
15.04.2025 година

**ЗАПИСНИК**
**од одржаната седница на Локалниот совет за волонтерство (ЛСВ) на општина Битола**

Седницата на Локалниот совет за волонтерство се одржа на 15.04.2025 (вторник) со почеток во 16:30 ч. во просториите на Општина Битола, сала за состаноци – III кат.

На седницата беа присутни 9 членови на ЛСВ.

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на записникот од претходната седница одржана на ден 28.03.2025
2. Апликации за волонтерски акции
3. Тековни прашања

**По однос на првата точка**, записникот од претходната седница одржана на 28.03.2025 година беше усвоен со 9 гласови ЗА.

Во однос на **втората точка**, Претседателот на ЛСВ Александар Јаневски презентираше дека Јавниот повик за поддршка на волонтерски акции кој го објави општина Битола ( критериуми, апликација и пропратни документи) е завршен и за истиот има доставено вкупно 19 апликации. Според доставениот прелиминарен извештај од општинската администрација, кај поголемиот дел од апликациите е забележано отсуство на меморандуми за соработка со училиштата и институциите каде што ќе се одвиваат волонтерските акции.

**За таа цел, Локалниот совет за волонтерство дава препорака апликантите да можат да ги достават дополнителните документи до петок 25 април 2025 година, до 15 часот до општина Битола и во наредниот јавен повик за поддршка на волонтерски акции како задолжителен документ да биде и меморандумот за соработка.**

Претседателот на ЛСВ потсети на одлуката од претходната година член на ЛСВ да не гласа за апликација во која има конфликт на интерес. Откако беа разгледани сите апликации, членовите гласаа и врз основа на гласовите, ЛСВ донесе препорака до комисијата од општина Битола која е задолжена за разгледување на апликациите да бидат поддржани следниве апликации:

- Здружение за психолошка поддршка СЕГА И ОВДЕ Битола
- Здружение за одржлив развој СФЕРА ИНТЕРНЕШНАЛ
- ЗПОС Лоотус Ј Њу бигининг Битола
- Регионално географско друштво ГЕОСФЕРА- Битола
- ИМКА
- Младински културен центар
- Смарт Дигитал Хаб
- ИО Молиика БИТОЛА
- ЛАЈОНС КЛУБ КАБАДАЈА БИТОЛА
- Студио Езгија
- ДПД Архангел Битола

Членовите на ЛСВ дадоа препораки за 11 апликации, но според буџетот за да можат успешно да се реализираат волонтерските акции, потребно е да се изберат 10 апликации и поради тоа членовите на ЛСВ дадоа препорака до комисијата од општина Битола кои 9 апликации да бидат поддржани, а за две апликации за кои што имаше дилеми меѓу членовите да одлучи комисијата.

Дел од апликациите кои не добија препораки од членовите на ЛСВ се поради несоодветна документација, несоодветен меморандум за соработка, несоодветно искористување на средствата од буџетот, немање дозвола од општина Битола за користење на јавен простор, апликации во кои според членовите не е волонтерска акција, апликациите на кои им се повторува локацијата беше избрана со гласање и со оценување од членовите онаа апликација која има најмногу активности.

Во однос на **третата точка,** тековни прашања од членовите на ЛСВ се даде препорака во наредниот јавен повик секоја институција да може да даде меморандум за соработка на едно здружение, да не се повторува иста институција во повеќе апликации. На наредниот состанок, претседателот на ЛСВ предложи да се изработи програма за работата на ЛСВ.

Записничар:
Наталија Стојковска

Претседател на ЛСВ:
Александар Јаневски